**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА**
**ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

Врз основа на член 103 став (1) алинеја 3 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24) и член 11 став (1) алинеја 2 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор број 01-326/3 од 27.09.2010 година, а согласно заклучокот од 55-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 28 јуни 2022 година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности за демократското општество и владеењето на правото, поради што нејзиното спречување и превенција е предуслов за добро управување и функционирање на институциите во согласност со Уставот, законите, меѓународните и национални етички кодекси. Независноста, професионалноста и етичноста во извршувањето на надлежностите утврдени со закон, првенствено се гарантираат преку зајакнување на интегритетот на институциите, односно преку зајакнување на системот на политики, стандарди и процедури воспоставени од институциите.

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (во понатамошниот текст: Аенцијата) е самостојно, непрофитно, регулаторно тело кое обезбедува транспарентно и недискриминаторно работење на управителот на инфраструктура, превозниците, телата и институциите поврзани со работењето на железницата, како и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз.

Агенцијата е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите и има својство на правно лице кое е одвоено и функционално независно во поглед на организацијата и одлучувањето од органите на државната и локалната власт и вршителите на железничките дејности.

Надлежностите на Агенцијата се пропишани со Законот за железничкиот систем и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најмалку еднаш годишно го известува Собранието за својата работа преку достава на годишен извештај за работата за претходната година.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Управниот одбор на Агенцијата е составен од претседател и членови кои се избрани функционери од страна на Собранието на Република Северна Македонија и директор, сектори и одделенија за вршење на стручни и административни и помошно-технички работи. Внатрешната организација и систематизација на работните места и задачи е утврдена со посебни правилници од страна на Агенцијата.

Во Правилниците за внатрешната организација и систематизација на работните места и задачи на Агенцијата се утврдени организационите единици, како и вкупниот број на извршители по сектори и одделенија.

## III. ОСНОВНИ НАЧЕЛА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА

Агенцијата во рамки на вршењето на своите надлежности, преку регулирањето и контролирањето на начинот на вршење на железничките дејности, како и во најсуптилните процеси кои се одвиваат во рамки на институцијата и кои се подложни на корупција (јавни набавки, вработувања и сл.) задолжително ќе се грижи за почитување на следните начела:

### 1. Начело на законитост

Агенцијата ќе се грижи за почитување на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

### 2. Начело на професионална етика, непристрасност и објективност.

При извршувањето на работите и на работните задачи Агенцијата ќе се грижи за задржување на високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и

грижа за заштита на јавниот интерес и придржување кон актите што ги уредуваат овие начела.

**3. Начело на сервисна ориентираност**

При извршувањето на работите и на работните задачи Агенцијата ќе се грижи работните задачи да се вршат квалитетно, одговорно, стручно, навремено и совесно, согласно со правилата на професијата и роковите и постапките во согласност со закон.

**4. Начело на транспарентност**

Агенцијата се грижи за поттикнувањето на конкурентноста на железничкиот пазар според начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и е должна да обезбеди и пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон.

**5. Начело на одговорност**

Агенцијата се грижи вработените соодветно да одговараат за последиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно не одлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасното извршување на доверените надлежности.

Со цел спречување на корупцијата Агенцијата, преку зајакнување на процесот на внатрешни контроли, ќе обезбеди членовите на Управниот одбор, директорот и вработените во Агенцијата при спроведувањето на надлежностите детерминирани со законите и извршувањето на своите работни обврски, да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да:

- постапуваат независно од секаков вид на пазарни интереси,
- не бараат или примаат директни упатства од државни органи или други јавни и приватни лица,
- не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси,
- не ги злоупотребуваат овластувањата,
- го унапредуваат процесот на законитост во работењето,
- рационално ги користат средствата предвидени во финансискиот план одобрен од страна на Собранието на Република Северна Македонија,
- обезбедуваат транспарентност и отчетност во работењето на Агенцијата,
- почитуваат финансиската дисциплина,
- задолжително да пријават коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица вработени во Агенцијата.

6. **Начело на економично, ефикасно и ефективно користење на средства**

Агенцијата се грижи вработените да ги користат материјалните средства, опремата и другите средства за работа на економичен, разумен и ефикасен начин. Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

7. **Избегнување судир на интереси**

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата, директорот на Агенцијата, неговиот/нејзиниот брачен другар или невенчан партнер, како и блиски роднини во прва линија до второ колено, не можат да имаат удел на акции, директно или индиректно во организацијата што извршува активности кои директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата.

За времетраењето на мандатот претседателот и членовите на Управниот одбор не можат да бидат пратеници во Собранието на Република Севена Македонија, членови на Владата на Република Северна Македонија, лица кои извршуваат должности во органите и телата на политички партии, членови на управни и надзорни одбори на јавни претпријатија или членови на друг вид на асоцијација на правни и физички лица кои би можеле да доведат до конфликт на интереси.

Доколку се појави судир на интереси членот на Управниот одбор на Агенцијата поднесува барање до претседателот на Управниот одбор на Агенцијата со образложение за негово изземање од присуство и одлучување на седницата на која се расправа и одлучува за прашањето за кое постои судир на интерес.

Членовите на Управниот одбор, директорот и вработените во Агенцијата нема да дозволат финансискиот интерес или било каква друга форма на интерес за нив, за нивните семејство, роднините, пријателите, за физички и правни лица со кои имаат или претходно имале деловни врски да дојде во конфликт со нивниот статус, односно положба на работното место.

**Во постапките за вработување освен горенаведените начела задолжително се следи и примената на следните начела:**

1. **Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место**

Согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, јавниот сектор има обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да се реализираат преку интерен, односно јавен оглас, со огласување во три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

2. **Начело на стручност и компетентност**

Вработувањето во Агенцијата се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

**Во спроведувањето на постапките за јавни набавки, освен горенаведените начела, задолжително се следи и примената на следните начела:**

1. **Начело на конкуренција помеѓу економските оператори**

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

2. **Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори**

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

3. **Начело на сразмерност**

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, коишто мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

## IV. ЦЕЛ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Целта на годишниот план за проценка на ризици од корупција е да се преземат мерки и активности за спречување на корупцијата, односно злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

## V. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2026 година содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици/назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување и финансиски импликации за реализација на активностите со цел имплементација на мерките.

Активностите предвидени во Планот се резултат не само на проценката на изложеноста на институцијата на ризиците за појава и развој на корупција, изложеноста на етички и професионално неприфатливи поставки, туку се дијагностицирани и селектирани приоритетните области кои би можеле да генерираат потенцијален ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно спречување.

Планот е конципиран на начин што обработува сегменти од следниве области:

1. Планирање и управување со финансии/Јавни набавки
2. Политика за човечки ресурси; Етика и професионализам во однесувањето на персоналот
3. Постапување по пријави од укажувачи
4. Постапки при доставување на жалби
5. Постапки за пристап до информации од јавен карактер
6. Надзор/Мониторинг

## VI. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ

Агенцијата, со цел спречување на појава на корупција, има именувано овластено лице за прием на пријави заради внатрешно пријавување од укажувачи кое постапува согласно позитивните законски и подзаконски прописи и актите на Република Северна Македонија.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето. Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2026 година да се објави на огласната табла и веб страницата на Агенцијата.

**Бр. 01-204/1**
**29.12.2025 година**
**Скопје**

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор
Управен одбор
Претседател

______________________

Нена Трајановска

**Прилог:**
**Акциски план за спречување на корупција**
**(Табеларен приказ на мерките и активностите што се предвидени со овој план)**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА**
**ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

# Акциски план за спречување на корупција

**2026 година**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| **Област 1:** | **Планирање и управување со финансии/Јавни набавки** | | | | |
| *Подобласт 1* | Планирање на јавните набавки | | | | |
| Соодветно планирање на јавните набавки | Доставување на предлози за потреби за набавки во текот на годината | Сите раководители на сектори до Сектор за финансиски прашања и сметководство | До 15.01.2026 | Навремено доставени предлози | Да |
| Изработка на годишен план | Подготовка на Годишен план за Јавни набавки | Раководители на сектори | До 31.01.2026 | Објава на Годишниот план за Јавни набавки на ЕСЈН | Да |
| *Подобласт 2* | **Контрола на постапките за јавни набавки** | | | | |
| | Донесување на одлука која содржи: предмет на набавка, износ и извор на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка | Сектор за правни, административни и општи работи | По потреба | | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Назначување на комисија | Сектор за правни, административни и општи работи | По донесување на одлука за јавна набавка | | Да |
| | Ангажирање на надворешни стручни лица | Сектор за правни, административни и општи работи | По потреба | | Да |
| | Реализирање на процесите во рамките на Процедурата за начинот и постапката за планирање, спроведување и реализација на ЈН (да се сегментира) | | | | |
| Зајакнување на капацитетите | Идентификација на потреби за дополнителна квалификација на кадрите | Раководители на сектори | Континуирно | Одржани обуки | Да |

| **Област 2:** | **Политика за човечки ресурси; Етика и професионализам во однесувањето на персоналот** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
| Планирање на вработувањата | Подготовка на Годишен план за вработување | Раководители на сектори | 01.09.2026 | Доставен план до МЈА | Да |
| Вработувања врз систем на вредности и критериуми за квалитет | Вработувања согласно позитивните законски и подзаконски акти, како и интерните акти на Агенцијата | Советник за управување со човечки ресурси; Сектор за правни, административни и општи работи | 01-15.07.2026<br><br>01-15.01.2026 | Полугодишни Извештаи за реализација на Годишен план за вработување до МЈА | Да |
| Транспарентност на постапката и процедурата за вработување | Зголемување и олеснување на пристап на јавноста до огласите за вработување | Советник за управување со човечки ресурси; Сектор за правни, административни и општи работи; | Континуирано | Навремено објавување на огласи достапни за јавноста; Известување до кандидатите за текот на процесот на вработување | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | Едукација на вработените со цел пораст на интегритетот и професоналноста во работењето со таргет на нововработените, но и постојано унапредување на знаењата на целокупниот персонал преку изработка на Годишен план за обуки | Советник за управување со човечки ресурси (интерни обуки);<br>Сектор за правни, административни и општи работи<br>Меѓуинституциона едукација и надградба;<br>Обуки од надворешни правни и физички лица;<br>Формално образование | Согласно идентификуваните потреби за обуки во Годишниот план | Подготвен Годишен план за обуки;<br>Број на реализирани обуки релевантни на темата корупција согласно Годишниот план;<br>Број на вработени кои учествувале на обука изразен во проценти | Да |
| **Област 3:** | **Постапки при пријава од страна на укажувачи** | | | | |
| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
| Спроведување на Законот за заштита на укажувачи и соодветните подзаконски акти | Навремено законско постапување врз база на поднесените пријави од укажувачи | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи;<br>Раководно лице на Агенцијата | Континуиран | Број на примени пријави;<br>Преземени мерки;<br>Доставени известувања до | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | укажувачите | |
| | Доставување на известување до укажувачите за мерките кои се преземени во рамките на законскиот рок | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи<br>Раководно лице на Агенцијата | Континуиран | Број на примени пријави;<br>Преземени мерки;<br>Доставени известувања до укажувачите | Не |
| Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите | Целосна имплементација на Упатството/ обука на овластеното лице во АРЖС | Советник за управување со човечки ресурси<br>Одговорно лице за прием на пријави од укажувачи<br>Раководно лице на Агенцијата | Иницијална обука за одговорното лице;<br>Еднаш годишно унапредување на знаењето;<br>Континуирано | Број на одржани обуки | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на вработените за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и УПАТСТВОТО за прием на пријави од укажувачи | Запознавање на вработените со можноста дека секој може да биде укажувач | Советник за управување со човечки ресурси Одговорно лице за прием на пријави од укажувачи Раководно лице на Агенцијата | Континурано | број на поднесени пријави од укажувачи (вработени) | Не |
| Транспарентност на постапката за поднесување пријави од укажувачи | Објавување на постапката на веб страната (ажуирирање на постоечката објава) | Систем администратор | После секое ажурирање | објава на веб страна | Да |
| | Објавување на постапките за поднесување на пријава од укажувач на интерната огласна табла | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи; | Континуирано | објава на огласна табла | Да |
| | Обука на вработените (ЧР) | Човечки ресурси и надворешни обуки | Континуирано | број на вработени изразен во процент | Да |

| Област 4: | **Постапки при доставување на жалби** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
| Транспарентност и достапност во електронска и писмена форма за правните лица за доставување на жалба | Прием, разгледување, одлучување и доставување на одговор по жалба | Овластено лице со Овластување на Директор на Агенција | 15 дена од денот на доставувањето на сите потребни информации | Решение врз основа на жалба | Да |
| Зголемување на видливоста и достапноста на информации за можноста за доставување на жалби за физичките лица во електронска и писмена форма | Прием, разгледување, одлучување и доставување на одговор по жалба | Овластено лице со Овластување на Директор на Агенција | 15 дена од денот на доставувањето на сите потребни информации | Решение врз основа на жалба | Да |

| **Област 5:** | **Постапки за пристап до информации од јавен карактер** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
| Зголемување на институционалната транспарентност на Агенцијата за регулирање на железнички сектор т.е. Имателот на информации | Објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Одговорно лице - Директор; Службено лице | Континуирано | Објава на веб страна на Агенцијата имател на информации | Да |
| | Обуки за службено лице и одговорното лице | Одговорно лице - Директор; Службено лице | Иницијално после назначување и унапредување при измени на законска регулатива | Број на обуки; | Да |
| Постапка за остварување на право на слободен пристап до информации од јавен карактер | Прием и постапување согласно ЗСПИЈК и одговарање на доставени Барања за информации од јавен карактер од правни и физички лица | Одговорно лице - Директор; Службено лице | веднаш; максимум 20 дена од денот на прием на Барањето на информација | Број на одговорени Барања за информации од јавен карактер од правни и физички лица | Да |

| Област 6: | Надзор/Мониторинг | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/Овластено лице | Временски рок за реализација | Индикатор на реализација | Финансиски импликации |
| Контрола на Област 1 | Проверка дали Годишен план за јавни набавки е објавен на ЕСЈН | Раководителот на секторот и Раководното лице на Агенцијата | 01.02.2026 | Објавен Годишен план за јавни набавки | Нема |
| Контрола на Област 2 | Проверка дали е изработен Годишниот план за вработување | Раководителот на секторот и и Раководното лице на Агенцијата | 02.09.2026 | Архивски број на испратено писмо со Годишен план за вработување во прилог | Нема |
| Контрола на Област 2 | Проверка на транспарентноста на процедурата за вработување | Раководителот на секторот и Раководното лице на Агенцијата | После реализирани вработувања | Објавени огласи; Документи од процесот на селекција на кандидати | Нема |
| Контрола на Област 3 | Проверка на спроведувањето на Законот за заштита на укажувачи | Раководителот на секторот и Раководното лице на Агенцијата | квартално | Објава на огласна табла;Објава на веб страна; Број на примени пријави; Преземени мерки; Доставени известувања | Нема |
| Контрола на Област 4 | Проверка на процесот за доставување на жалби | Раководителот на секторот и | квартално | Број на примени жалби; | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Раководното лице на Агенцијата | | Број на одговори по доставени жалби | |
| Контрола на Област 5 | Проверка на достапноста до информации од јавен карактер | Раководителот на сектор и Раководното лице на Агенцијата | квартално | Број на примени барања;<br>Број на одговори по доставени барања за информации од јавен карактер | Нема |